# Дневна хемеротека за *11.07.2017г.*

## МИА - *Потпишување Меморандум за спроведување пет проекти за животна средина и климатски акции*

*http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/31/133771667*

### Потпишување Меморандум за спроведување пет проекти за животна средина и климатски акции

вторник, 11 јули 2017 09:17



**Скопје, 11 јули 2017 (МИА)** - Меморандум за спроведување на Рамковната спогодба меѓу македонската Влада и Комисијата на Европските заедници за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според инструментот за претпристапна помош (ИПА II) ќе биде потпишан во Куманово.

Меморандумот, кој има за цел да воспостави формална договорна основа за успешно спроведување на пет проекти планирани во рамките на повеќегодишната Секторска оперативна програма за животна средина и климатски акции за ИПА II (2014-2020), ќе го потпишат министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураки и градоначалникот на општина Куманово и претседател на Североисточниот плански регион Зоран Дамјановски

Овие проекти, како што инфомираат од Министерството за животна средина и просторно планирање, ќе опфатат набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад во Северо-источниот регион, затворање на непрописните диви депонии/ѓубришта во Северо-источниот регион и инвестициски проект–изградба на централна депонија за Источниот и Северо-источниот регион. **дма/скс/09:16**

## Сител - Потпишување Меморандум за спроведување пет проекти за животна средина и климатски акции

http://sitel.com.mk/potpishuvanje-memorandum-za-sproveduvanje-pet-proekti-za-zhivotna-sredina-i-klimatski-akcii

Меморандум за спроведување на Рамковната спогодба меѓу македонската Влада и Комисијата на Европските заедници за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според ...

## Канал 77 - Потпишување Меморандум за спроведување пет проекти за животна средина и климатски акции

http://kanal77.mk/%d0%bf%d0%be%d1%82%d0%bf%d0%b8%d1%88%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%bc%d0%b5%d0%bc%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b4%d1%83%d0%bc-%d0%b7%d0%b0-%d1%81%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b2%d0%b5%d0%b4%d1%83%d0%b2/

Меморандум за спроведување на Рамковната спогодба меѓу македонската Влада и Комисијата на Европските заедници за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според ...

## Либертас - Потпишување Меморандум за спроведување пет проекти за животна средина и климатски акции

http://www.libertas.mk/potpishuvane-memorandum-za-sproveduv/

– Меморандум за спроведување на Рамковната спогодба меѓу македонската Влада и Комисијата на Европските заедници за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според ...

## А1 On - Потпишување Меморандум за спроведување пет проекти за животна средина и климатски акции

http://a1on.mk/archives/762709

Меморандум за спроведување на Рамковната спогодба меѓу македонската Влада и Комисијата на Европските заедници за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според ...

## OhridNews - Со изотопни методи ќе се испитува водата во Охридското Езеро

http://www.ohridnews.com/vesti/107447

**Со изотопни методи ќе се испитува водата во Охридското Езеро**

Вести | Охрид | 10.07.2017 15:20 Посети : 2583

Под раководство на Д-р Марјан Темовски, научен тим од Центарот за изотопска климатологија и проучување на животната средина при Институтот за нуклеарни истражувања во Дебрецин Унгарија и Хидробилошкиот институт од Охрид, денеска започнаа изотопски истражувања на Охридското Езеро. Деталите за истражувањата беа соопштени на прес конференција на која присуствуваше и амбасадорот на Унгарија во Македонија д-р Ласло Иштван Дукс.

**- Првичната цел е утврдување на времето на задржување на водата во Езерото. Има претходно одредени податоци за тоа, но ова е за прв пат да се применуваат изотопни методи. Анализите се очекува да бидат завршени до крајот на годината, а резултатите ќе бидат соопштени и објавени следната година** - истакна д-р Темовски.



Истражувањата во најголем дел ќе се фокусираат на староста на водата во Охридското Езеро и нејзините својства.

**-Во наредните десет дена во соработка со Хидробиолошкиот институт од Охрид, користејќи ги нивните ресурси, ќе земеме најмалку 100 мостри од Охридското Езеро со цел да ја утврдиме староста на водата, начинот на мешање на истата, климатските карактеристики и други параметри значајни за науката.** - рече д-р Ласло Палчу - Раководител на Центарот за изотопска климатологија и истражување на животната средина при Институтот за нуклеарни истражувања во Дебрецин - Унгарија.



Дополнително во Хидробиолошкиот институт во Охрид ќе се вршат хемиски анализи на примероци од вода од Охридското Езеро.

**- Во нашиот институт ќе се вршат дополнителни хемиски анализи на квалитетот на водата, нутриниентно и органско оптоварување и присуство на тешки метали.** - истакна д-р Елизабета Вељаноска Сарафилоска - директор на ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид.

Во рамки на меморандумот за соработка склучен минатата година помеѓу двете научни институции ќе се истражуваат и глацијалните езера на планината Јабланица и Пелистер.

## Скопје инфо - Убавината на парк-шумата Гази Баба и несовесното однесување на граѓаните

http://skopjeinfo.mk/ubavinata-na-park-shumata-gazi-baba-i-nesovesnoto-odnesuvanje-na-gragjanite

# Убавината на парк-шумата Гази Баба и несовесното однесување на граѓаните

**Одат во природа за да уживаат и да се рекреираат, а потоа самите ја загадуваат и уништуваат природата со отпадоци!**

Парк-шумата Гази Баба е идила сместена на само 5 километри од центарот на градот, веднаш до скопските населби Автокоманда и Железара. Шумска оаза, со дрвја до дваесетина метри, голема полјана, трим патеки, летниковци за одмор, како и справи за вежбање. Прекрасно место за да се избега од топлото сонце, за прошетки длабоко во шумата, подалеку од врелиот асфлат, а сепак си во Скопје. Градот Скопје во соработка со општината Гази Баба му дадоа нов лик ова место и го направија пријатно за сите посетители кои би можеле да се рекреираат токму тука. Тука можат да се видат рекреативци кои трчаат на трим патеките, од најмладо до настаро, момци кои си го обликуваат своето тело, како и граѓани кои со своите деца и миленици ги зафатиле големите сенки.

Голем дел од граѓаните не ја ни знаат оваа убавина, ниту пак некогаш го посетиле ова место, а верувајте треба во најскоро време тоа да го направите. Сепак не би било интересно и не би биле ние доколку не постоеа луѓе би ја уништувале убавината и би се грижеле за истата како совесни граѓани. Наша читателка ни испрати слики од убавините на парк-шумата Гази Баба, но и видно револтирана ни напиша за сето тоа што го видела таму документирано со слики, односно ѓубрето кое го оставаат граѓаните после прошетката и нивната рекреација.



-Живеам во Ново Лисиче и викендов за прв пат ја посетив парк шумата Гази Баба. Повеќе пати имам слушнато, но никогаш не сум обрнала внимание, бидејќи претпоставував дека станува збор за некој мал простор со неколку клупи. Викенодв по иницијатива на моја пријателка решив да отидам и верувајте се заљубив во убавината што ја видов таму. Шумата е прекрасна, додека додека шетате низ неа можете да видите верверички и желки, насекаде е обележано со знаци, има чешмички за вода, летниковци, навистина е преубаво. После прошетката низ шумата излеговме на една полјана, прекрасна полјана. Имаше спортисти кои тука тренираа, рекреативци, родители со своите деца и миленици, рај за очите е ова место, посочува Ивана од скопската населба Ново Лисиче.

Сепак, и покрај целата убавина Ивана се разочарала од однесувањето на граѓаните кон убавини кои ги имаме.

-Имаме толку прекрасни места и убавини како во Скопје така и низ целата држава, но за жал не знаеме да ги чуваме, а многу полесно знаеме да ги уништиме со фрлање отпад. Додека траеше прошетката наидов на многу ѓубре, кое е оставено и расфрлано од самите граѓани кои доаѓаат тука за да уживаат во природа во својот град и навистина се згрозив. Направив слики кои би сакала да ги види јавноста од убавините на парк шумата Гази Баба, но има и слики и од расфрланото ѓубре со кое уништуваме се што е убаво. Потребно е сите да ја чуваме природата, да бидеме совесни граѓани и заштитници на природата, а би ги советувала сите граѓани кои досега не го посетиле ова прекрасно место, што поскоро да дојдат  да уживаат во природата, заврши Ивана.

## Телма - [Шара се чисти за да се разбуди свеста кај луѓето](http://telma.com.mk/vesti/shara-se-chisti-za-da-se-razbudi-svesta-kaj-lugjeto)

http://telma.com.mk/vesti/shara-se-chisti-za-da-se-razbudi-svesta-kaj-lugjeto

# Шара се чисти за да се разбуди свеста кај луѓето

10 July, 2017 - 17:28



Шар планина после секој викенд е прекриена со ѓубре кое ретко се подига од Јавното комунално претпријате Тетово. Од Иницијативата да ја спасиме Попова Шапка од повеќе излетнички места од Шарпланинскиот масив, собраа полни кеси со разновиден отпад.

Пораката на еколошката акција е да се разбуди јавната свест кај луѓето, за зачувување на природните убавини, за кои надлежните треба повеќе да се грижат.

Учесниците во акцијата велат дека Попова Шапка и целиот Шарплანински масив од година вгодина трајно се уништува од неконтролираната урбанизација но и дрвокрадството, кое штети на имиџот на овој природен предел, кој важеше за еден од најпознатите и најпосетените на Балканот.

Акцијата за собирање на отпад продолжи и во околината на Шарпланинските села, каде учесниците наместо на чиста притрода наидоа на ѓубре.

## Канал 77 - [ЕУ ќе финансира договор за транспортна заедница помеѓу земјите од Западен Балкан](http://kanal77.mk/%d0%b5%d1%83-%d1%9c%d0%b5-%d1%84%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%b8%d1%80%d0%b0-%d0%b4%d0%be%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%80-%d0%b7%d0%b0-%d1%82%d1%80%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%bf%d0%be%d1%80%d1%82%d0%bd/)

http://kanal77.mk/%d0%b5%d1%83-%d1%9c%d0%b5-%d1%84%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%b8%d1%80%d0%b0-%d0%b4%d0%be%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%80-%d0%b7%d0%b0-%d1%82%d1%80%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%bf%d0%be%d1%80%d1%82%d0%bd/

# ЕУ ќе финансира договор за транспортна заедница помеѓу земјите од Западен Балкан

објавено пред 17 часа   25 Прегледи

Земјите од Западен Балкан ќе постигнат договор за транспортна заедница, за што Европската унија ќе издвои 1, 3 милијарди евра. Овие пари, земјите ќе ги насочат кон проекти од сферата на транспортот, животната средина и енергијата - најави денеска шефот на делегацијата на ЕУ во Скопје, Самуел Жбогар во пресрет на самитот „ЕУ - Западен Балкан" кој почнува в среда.




Ова ќе биде возбудувачка недела за партнерството на земјите од Западен Балкан - оцени денеска Жбогар на прес конференција, по повод самитот во Трст, Италија каде премиерите од регионот ќе сретнат со дел од европските лидери.

Жбогар и италијанскиот амбасадор во Македонија, Карло Ромео најавија дека ЕУ ќе одвои дополнителни 200 милиони евра за земјите од регионот, за реализација на други проекти

„Не сум овластен да ви кажам кои се тие проекти, ќе бидат објавени на самиот Самит. Мислам дека ќе има добри вести таму, ќе има фондови за проекти, но да почекаме уште 2 дена “, истакна Жбогар.

Тој и амбасадорот Ромео најавија низа активности и форуми на овој Самит, кој се одржува четврта година по ред.

„Ќе се организира бизнис форум, кој ќе се фокусира на средните и големите трговски претпријатија. Предвиден е и форум на шеесетина млади кои ќе дискутираат за тоа како да се зголеми мобилноста на младите и патот напред“.

Миграцијата, радикализацијата и антикорупцијата исто така ќе бидат теми на дискусија помеѓу премиерите и министрите од Западен Балкан со претставниците на ЕУ и премиерите на земјите членки, меѓу кои Италија, Австрија, Германија, Хрватска, Словенија...

На прес конференцијата беше најавено и надоградување на сегашниот ЦЕФТА договор за слободна трговија. Советот за регионална кооперација и исто така Секретаријатот за ЦЕФТА, беше посочено, имаат подготвено мултигодишен акционен план за регионална економска соработка помеѓу шесте земји во Западен Балкан.

> *Податоците говорат дека во првите седум месеци од 2015 година е остварен пораст на извозот со земјите на ЦЕФТА од 5,4 отсто во споредба со 2014 - та и пораст на увозот од 2,9 отсто.*

Инаку, утре пред официјално да почне Самитот во Трст ќе се одржи и форум на граѓанското општество.